Општина Кочани
Rade Kratov~e br.1 * 2300 Ko~ani * Makedonija
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Врз основа на член 11 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 2 став 1), став 2) и став 3) од Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници („Сл.весник на РМ“ бр.72/2014 и бр.147/2014), а во врска со Записник од одржан стручен колегиум бр.140 на ден 05.08.2024 година, Секретарот на Општина Кочани, распишува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 34-1391/1
05.09 2024 год.

**ЈАВНА ОБЈАВА**
**за ангажирање на лица за вршење работи – достава на акти**
**со Договор на дело**

Општина Кочани, распишува јавна објава за ангажирање на **5 (пет)** лица за вршење на работи – достава на акти со Договор на дело.

Лицата кои ќе бидат ангажирани за достава на акти, ќе вршат достава на Решенија за забрана на користење средства.

Доставата ќе се врши на територија на општина Кочани, а цената за извршената услуга се плаќа по 40 денари од уредна достава.

Со секое ангажирано лице ќе се склучи посебен Договор, во согласност на член 619 од Закон за облигациони односи – Договор на дело.

Минимум критериуми и потребна документација за пријавување:

- Пријава за јавна објава, со лични квалификации, адреса и телефон за контакт;
- Лицата кои се пријавуваат да имаат завршено минимум средно образование;

**Јавната објава трае 10 (десет) дена, сметано од 06.09.2024 година, а заклучно со 15.09.2024 година.**

Пријавите со документацијата се доставуваат во Едношалтерската канцеларија на Општина Кочани или по пошта на адреса: ул. Раде Кратовче бр.1, 2300 Кочани, Република Македонија.

**Секретар на**
**Општина Кочани**
**Драган Ананиев**

Изготвил:
Меги Маркова